


Во среда, 9 октомври во Центарот за култура Ацо Ѓорчев во Неготино со почеток од 19.30 часот ќе биде одиграна театарската комедија “Од кол на кол”.

Претставата “Од кол на кол“ е работена според текстот "Run for your wife" од Реј Куни, во адаптација и режија на  Диме Коцевски, а во изведба на Театарот при Домот на културата “Иван Мазов - Климе“ Кавадарци.

Во претставата играат одличните актери од кавадаречкиот театар - Диме Боцев, Валентина Ѓорѓиева, Ребека Малиминовска, Диме Коцевски, Видан Станоев, Магдалена Атанасова и Саше Орешков. Сценографија е на Трајче Јованов, а сценската подршка на Диме Темков. Музика и светло Марјан Тодоровски.

Претставата е финансиски поддржана од општина Неготино.